АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

10-1-496/2
16.07.24

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Претседателот на Советот на експерти донесе:

**РЕШЕНИЕ**

1. Барателот . Скопје поднесе електронска форма на барање за информации од јавен карактер до Агенцијата за супервизија на осигурување, на ден 7.7.2024 година, заведено под број 10-1 496/1.
2. На поднесеното барање Агенцијата за супервизија на осигурување позитивно одговори и повратно достави одговор на барањето, електронски на е-маил на 16 јули, 2024 година.

***Образложение***

Во врска со Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од барателот
ı, во кое се бара следната информација:

1. Дали во постапката за одлучување по приговори поднесени од осигурениците/корисниците на осигурување/третите оштетени лица Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) е овластена да утврдува факти и изведува на докази по: 1) службена должност и/ или 2) на предлог на странките?
2. Дали одлуката што ја донесува АСО треба да содржи образложение на причините зошто приговорот бил уважен или одбиен?
3. Дали одлуката по приговорот треба да биде заснована врз конкретна материјалноправна основа т.е. со конкретно повикување/цитирање на законските одредби кои АСО ги применила врз утврдената фактичка состојба (на пр. од Законот за супервизија на осигурувањето, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Законот за заштита на потрошувачите и сл.) при уважувањето или одбивањето на приговорот?

4) Дали во постапката за одлучување по приговори по погоре наведените прашања соодбразно се применуваат правилата од Законот за општа управна постапка (ЗОУП), бидејќи во смисла на чл.1 ЗОУП, а согласно чл.158 ст.1 од Законот за супервизија на осигурувањето Агенцијата е „самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во овој закон“?

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Во продолжение доставуваме одговори по редослед:

1. Согласно Законот за супервизија на осигурување и Правилникот за начинот на постапување по претставки поднесени до Агенцијата за супервизија на осигурување од осигурениците, од корисниците на осигурување и од трети оштетени лица, Агенцијата за супервизија на осигурување нема законска надлежност да изведува докази.
2. Агенцијата за супервизија на осигурување согласно одредбите Законот за супервизија на осигурување и Правилникот за начинот на постапување по претставки поднесени до Агенцијата за супервизија на осигурување од осигурениците, од корисниците на осигурување и од трети оштетени лица постапува по претставки поднесени до АСО од осигурениците, од корисниците на осигурување и од трети оштетени лица за работата на друштвата за осигурување и/или реосигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување, застапниците во осигурување и Националното биро за осигурување.

   Согласно надлежностите утврдени во Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување, во процесот на постапување по претставки нема законкси утврдена надлежност да решава/одлучува за правата, обврските, и правните интереси на подносителите на претставки со донесување на управни акти (решенија, одлука, наредба, дозвола, забрана, одобрение и сл,) согласно Законот за општа управна постапка.

   Во процесот на постапување по претставки Агенцијата по разгледување на претставката која ги содржи сите потребни елементи предвидени со Правилникот, на подносителот на претставката му доставуваат писмен одговор во рок од 30 дена од денот на прием на претставката. Доколку овластените лица оценат дека во корист на решавање на претставката е обезбедување на дополнително образложение и документација од субјектот, рокот од 30 дена соодветно се продолжува, и за истото го известуваат подносителот на претставката.
   Во случај кога во поднесената претставка се наведени наводи кои укажуваат на прекршување на законски или подзаконски одредби од

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

страна на друштвата за осигурување и/или реосигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување, застапниците во осигурување и Националното биро за осигурување, Агенцијата постапува по истата согласно надлежностите утврдени во ЗСО. Односно, преку процесот на постапување по претставки, Агенцијата препознава индикатор што може:

- да го поттикне супервизорот на дополнителни анализи и проверки на субјектите на пазарот на осигурување со цел решавање на незадоволство од осигурениците,
- да биде причина за спроведување на постапка на супервизија и изрекување на мерки во делот на заштита на осигуреници. Овие постапки може да резултираат со предупредување на субјектите да ги исправат неправилностите како во делот на вршење на работи на осигурување така и во областа на заштита на осигуреници,
- да придонесе за препознавање на ризици за корисниците на осигурителни производи и услуги.

3. Агенцијата за супервизија на осигурување не носи одлука по приговор/претставка.

4. Агенцијата за супервизија на осигурувањето, постапувајќи по претставки на осигурениците, во рамки на своите надлежности работи согласно следната регулатива:

- Законот за супервизија на осигурувањето;
- Правилникот за начинот на постапување по претставки поднесени до Агенцијата за супервизија на осигурување од осигурениците, од корисниците на осигурување и од трети оштетени лица;
- Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
- Законот за заштита на потрошувачите;
- Законот за облигациони односи.

Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на прием на решението, до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
Крсте Шајноски